# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

18 октомври 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 18



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕСТОЈ И ИСХРАНА НА СЕМЕЈСТВА ОД ОПОЖАРЕНИ ДОМОВИ**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.10.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4688/1**
**од 17.10.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Петнаесеттата седница одржана на ден 16.10.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕСТОЈ И ИСХРАНА НА СЕМЕЈСТВА ОД ОПОЖАРЕНИ ДОМОВИ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за покривање на трошоците за сместување и исхрана во Државен студентски Дом "Томе Стефановиќ - Сениќ" на 2 (две) семејства од опожарени домови на подрачјето на Општина Гази Баба, за период од 4 (четири) месеци и тоа август, септември, октомври и ноември 2018 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во вкупен износ од 192.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно месечно по 48.000,00 денари по доставена фактура од Државен студентски Дом "Томе Стефановиќ - Сениќ", кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба, Програма АО - Совет на општина, ставка 413 - тековни резерви.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4495/3**
**од 16.10.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 18/18**
**15 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци